**ISO/IEC 17021:2006, Оцена на сообразност – Барања за телата кои изведуваат аудит и сертификација на системи за управување**

Меѓународниот стандард ISO/IEC 17021: 2006 ги заменува ISO/IEC Упатство 62 (EN 45012) и ISO/IEC Упатство 65. Во овој стандард се комбинирани барањата од двете упатства и технички се ревидирани. ISO/IEC 17021: 2006 ги содржи принципите и барањата за компетентност, конзистентност и непристрастност за сите типови на системи за управување со аудит(проверки) и сертификација (на пр. Системи за управување со квалитет или системи за управување со животна средина) и за телата кои ги обезбедуваат тие активности. Сертификационите тела кои работат согласно овој стандард не се обврзани да нудат сертификација за сите типови сертификациони системи за управување.

Сертификацијата на системите за управување е активност на оцена на сообразност од "трета страна". Телата кои ја извршуваат оваа активност се таканаречени "трета страна " тела за оцена на сообразност.

**Новиот ISO/IEC 17021:2006 стандард - зголемување на довербата во сертификацијата на системите за управување**

Стотици од илјадниците организации ширум светот, нивните клиенти, потрошувачите и регулаторите сметаат дека корист од новиот ISO/IEC стандард е во зголемената доверба во сертификацијата на системот за управување.

**ISO/IEC 17021:2006, Оцена на сообразност – Барања за телата кои изведуваат аудит и сертификација на системи за управување,** поставува ригорозните барања за компетентност и непристрастност на телата кои изведуваат аудит и сертификација по стандардите како ISO 9001:2000 (управување со квалитет) и ISO 14001:2004 (управување со животна средина)

Новиот стандард има огромно потенцијално влијание во однос на последните показатели. Околу 888 000 организации во 161 земја имаат независна сертификација за ISO 9001:2000 и/или ISO 14001:2004

**ISO/IEC 17021:2006** е компатибилен на идната експанзија на сертификацијата на системот за управување. Дизајниран е на основа на меѓународни хармонизирани барања за телата за сертификација и нивните активности кои не се однесуваат само на ISO 9001:2000 и ISO 14001:2004, туку и за новите стандарди за управување со безбедност на храна (ISO 22000), безбедност на информациите (ISO/IEC 27001:2005) и обезбедување на ланец на безбедносни мерки (ISO/PAS 28000:2005), како и на други стандарди кои можат да се развијат во иднина.

Замената и подобрувањето на двете ISO/IEC Упатства (62 и 65) со ISO/IEC 17021:2006 е реализирано со меѓународен консензус и добра пракса. Во стандардот е инкорпорирано и упатството развиено од IAF - меѓународна асоцијација на телата

за акредитација од многу земји за потврдување (акредитирање) на компетентноста на сертификационите тела.

ISO/IEC 17021:2006 претставува нов модел на стандарди кој претставува ISO алатка за оцена на сообразност за евалуација на производи, услуги, системи, процеси и материјали согласно стандарди, регулативи или други спецификации. Тој е новина во претставувањето на принципите за сертификација и од него произлегуваат основните барања за изведба . Овие принципи ја покриваат непристрастноста, компетентноста, одговорноста, отвореноста, доверливоста и одговарање на жалбите. Стандардот ја истакнува потребата да се обезбеди компетентност на целиот персонал на сертификационото тело – не само на аудиторите – во процесот на сертификација на системите за управување.

Барањата за непристрастност вклучуваат: демонстрирање од страна на врвното раководство на сертификационото тело потреба за избегнување на конфликт на интереси помеѓу  сертификација и консултации, обука и интерни проверки, маркетинг на сертификационите услуги и подизведување на аудити.

Од сертификационото тело се бара да назначат комитет за заштита на непристрастноста. Стандардот бара комитетот да може ги вклучи претставниците од клиентите на сертификационото тело, клиенти на нивните клиенти, трговски асоцијации, регулаторните тела, владини и невладини организации и организации за заштита на потрошувачите.

Од сертификационите тела се бара да имплементираат систем за управување согласно барањата во ISO/IEC 17021:2006.

Забелешка: Сертификацијата на сообразноста не е барање на ISO стандардите, организациите можат да го имплементираат ISO 9001:2000 и ISO 14001:2004 и без сертификација . Илјадници организации ја избираат сертификацијата како независна потврда и додадена вредност.

ISO Комитетот за оцена на сообразност (CASCO), развива доброволни стандарди и упатства, за да ширум светот ја охрабри добрата пракса и конзинстентноста во однос на акредитација, сертификација и сродни  активности.

**На 15 септември 2008 година заврши транзициониот период, во кој телата за сертификација, акредитирани согласно барањата во ISO/IEC Упатство 62 (EN 45012) и ISO/IEC Упатство 66 и телата за сертификација кои се подготвуваат за акредитација требаше да ги имплементираат барањата на новиот стандард ISO/IEC 17021:2006.**